7 јуни 2009, Кастеламаре дел Голфо

Баба Недјељка дури беше жива се сеќаваше на сѐ, и на настаните од минатото и на настаните од секојдневието, сѐ до јуни 2009 година. Или поточно до 7 јуни 2009 година. До тој ден, односно до мојот 21-ви роденден беше сѐ уште нормална баба, мајка и свекрва. Стара, ама нормална. Многу стара, ама витална. Изгледа и баба и брат ѝ ги имаа гените на мајка им, да дочекаат речиси деведесет години. Јас тој ден станав и „американски“ полнолетна. Дрвово овде цветаше, а под него на дрвената маса седевме сите: таа, мама, тато, јас, Маргерита и нејзиното момче, да не речам маж, Пиетро. Постар од Маргерита цели дваесет години. Таа осумнаесетгодишна, а тој триесет и осумгодишен. Многу пријатен и отворен, ама премногу стар! „Толку е стар, од кај го најде!“, велеше баба секогаш кога ќе си заминеше од кај нас. „Маги – дете, а тој старец!“ И секако, не промашуваше да му се сврти на тато и да му рече: „Барај решение за Маргерита! Не може девојче со старец!“ А на тато му беше и непријатно од Маргерита, таа секогаш смеејќи се велеше: „Млад е, млад!“, па тато се чувствуваше виновен што Маргерита нашла толку старо момче. Еднаш дури и рече: „Абе подобро стар, отколку никаков“, секако, алудирајќи на мене која ни со 21 година сѐ уште немав донесено момче дома. Маргерита се шегуваше со мене тој ден: „Сега, кога Неда е forever young, не ѝ ни треба маж“. „Која Неда?“ тогаш праша баба и ние сите се насмеавме. „Ти“, ѝ реков ѓаволесто, иако сите викнаа на глас: „Па Неда, Неда, не ти, ти имаш 86 години, а Неда 21. Плус ти си Недјељка, баба Но-Уи“. Тогаш, се сеќавам, баба почна да вика на глас: „Јас имам дваесет и една година, јас сум Неда, мене ми е денес роденден!“ „Ама бабо“, се обидов да ја смирам, а таа ми се врекна: „Баба? Каква баба? Јас сум млада девојка, имам дваесет и една година, се викам Неда, мајка ми е тезгарка, татко ми е рибар, живееме во Сплит“. „Убаво, убаво, мајко“, реши тато да ја смири ситуацијата, ама таа му се вдаде и нему: „Мајка? Каква мајка? Јас сум млада девојка и не сум мажена. Мене ме чека Карло на Ривата!“. Колку беше чуден тој мој роденден! Прво мислевме дека баба се шегува, па се шегувавме и ние, ама таа не попушташе, нѐ убедуваше дека таа е Неда која го слави роденденот, а не јас. Кога не успеа да нѐ убеди, почна да вика на сет глас и да нѐ нарекува лажговци, крадци, дури и фашисти. Набрзина ги прибравме сите садови и јадења од масата во градината и некако и неа ја пикнавме дома. *Сплитската торта* што баба Недјељка ја направи претходниот ден, маткајќи се цел ден во кујната со измастениот рецепт пред очи, остана во фрижидерчето што тате го имаше поставено во ќошот на градината неколку години претходно. Никој не се сети на неа ни после неколку дена од мојот роденден. Срцата на сите, чинам, ни биеја во слепоочниците. Влеговме внатре, ја затворивме вратата што водеше кон градината и секој се повлече во својата соба. И баба ми замина во својата соба, постојано повторувајќи по скалите: „Фа-шис-ти, фа-шис-ти!“.